# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

30 јануари 2024
Скопје
Број 2, година XIX
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Јануари, 2024 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/1
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02), и врз основа на член 87 од Статутот на Општината Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020 и бр.06/2022“), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување**
**на Статутот на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Општината Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020“ и бр.06/2022).

**Член 2**

Во Статутот на Општина Кисела Вода, после членот 125 ќе се додаде нов член член 125-а кој ќе гласи:

„Член 125-а,,

Градоначалникот на општината и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локална самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување на решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во предходниот став од овој член, може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од став 2 на овој член, се поднесува до Градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели на развој на единицата на локална самоуправа, одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начиот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Кисела Вода, што го донесува Советот на општинатапо предлог на Градоначалникот.“

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-430/4
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополна на Програма (надлежност - Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програма (надлежност - Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/2
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 34 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 13/06 и број 15/14), а во врска со член 15 став 1 точка 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр. 55/04 и број 158/2011), член 7 и83-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 32/2020), и 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМА (НАДЛЕЖНОСТ - Ф) УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА

## I. НАДЛЕЖНОСТА Ф УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПРОГРАМИ И ПОДПРОГРАМИ

- Ф1 -Програма за урбанистичко планирање
- Ф10 - Потпрограма за урбанистичко планирање
- Ф2 - Програма за уредување на градежно земјиште
- Ф20 - Потпрограма за уредување на градежно земјиште
- ФА - Програма Капитални расходи за уредување на градежно земјиште
- ФА0 - Потпрограма Капитални расходи за уредување на градежно земјиште

## II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ ПО ВИДОВИ И РАСХОДИ

## ПРОГРАМА (Ф1), ПОТПРОГРАМА (Ф10)
## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**ПРОГРАМА**
**за финансирање на изработкана урбанистички планови**
**на подрачјето на Општина Кисела Вода**
**за 2024 година**

Со оваа Програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање
- Динамика на извршување на програмата

### 1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програматаза финансирање на изработка на урбанистички плановина подрачјето на Општина Кисела Водаза 2024 година се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2024 и 2025 година.

### 2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **9.380.000,00** |
| 42 | | | Стоки и Услуги | **7.180.000,00** |
| | *425* | | *Договорни услуги* | **6.800.000,00** |
| | | 425640 | Изработка на Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село, Урбанистички планови за вон населено место, Урбанистички проекти и Ревизија на урбанистички планови и урбанистичко проектна документација | **3.700.000,00** |
| | | | Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратешка оцена за заштита на животната средина. | **300.000,00** |
| | *425* | 425990 | *Други договорни услуги* | **2.800.000,00** |
| | 426 | 426990 | Други оперативни расходи | **380.000,00** |
| | 464 | 464990 | Други трансфери | **2.200.000,00** |

*** Образложение на потставките**

**425640** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на Изработка на Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село, Урбанистички планови за вон населено место, Урбанистички проекти и Ревизија на урбанистички планови и урбанистичко проектна документација, меѓународни и домашни конкурси за изработка на идејни решенија за урбанистички планови и проекти.
**425990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за исплата на паричен надоместок за членови на Комисијата за урбанизам.
**426990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на Стратегија за одржлив урбан развој на општина Кисела Вода за период 2024-2034.
**464990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за награди по распишан конкурс за локалитетот Расадник.

**Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти**

(1) Детални урбанистички планови, согласно Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022, кои ќе се изработуваат во текот на 2024 година на подрачјето на Општина Кисела Вода:

**Градска четврт ЈИ 08**
- ДУП за градска четврт ЈИ 08

**Градска четврт И 07**
- ДУП за градска четврт И 07 блок 02 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 08**
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 11 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 14 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 15 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 17 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 18 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 09**
- ДУП за градска четврт Ј 09

**Градска четврт Ј 10**
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 01 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 03 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 05 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 07 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 11**
- ДУП за градска четврт Ј 11 (приватна иницијатива)

**<u>Градска четврт Ј 12</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 08 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 19 (приватна иницијатива)

**<u>Градска четврт Ј 13</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 13 блок 01 и 02 (приватна иницијатива)

**<u>Градска четврт Ј 14</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 14

**<u>Градска четврт Ј 15</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 05

**<u>Градска четврт Ј 16</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 16 (приватна иницијатива)
-

**<u>Градска четврт Ј 17</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 04
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 06 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 07 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 08 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 09
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 10
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 11

**<u>Градска четврт Ј 18</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок.04
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 06
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 07
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 08
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 09
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 10
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 11
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 12
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 13
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 14

- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 15
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 16
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 17

**<u>Градска четврт Ј 19</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 06

**<u>Градска четврт Ј 20</u>**

- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 01 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 03 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 04
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 06
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 07 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 08
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 09 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 10

(2) Урбанистички планови за село, и Урбанистички планови за вон населено место кои ќе се изработуваат во текот на 2024 година, на подрачјето на Општина Кисела Вода:

- Урбанистички план за село Усје,
- Урбанистички план за село Драчево.

(3) Урбанистички проекти кои ќе се изработуваат во текот на 2024 година, на подрачјето на Општина Кисела Вода:

- Урбанистички проекти по член 58,
- Урбанистички проекти по член 58 став 2,
- Урбанистички проекти по член 58 став 6,
- Урбанистички проекти по член 63.

Изработката на Урбанистичките планови и Урбанистичките проекти од оваа Програма ќе се финансираат од буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година, каде во рамките на Програмата Ф1 потпрограмата Ф10 се предвидени средства со вкупен износ од 3.700.000 денари и од буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година, каде во рамките на Програмата Ф1 потпрограмата Ф10 ќе се предвидат средства со вкупен износ од 11.300.000 денари.

Изработката на Урбанистичките планови и Урбанистички проекти од оваа Програма кои се или ќе се изработуваат врз основа на одобрени иницијативи од заинтересирани правни и физички лица ќе се финансираат од страна на истите.

Изработката на Стратегијата за одржлив урбан развој на општина Кисела Вода за период 2025-2035, ќе трае 2 години. Од буџетот за 2024 година ќе биде исплатени авансни трошоци од 20% односно 380.000.00 денари, додека остатокот во износ од 1.520.000 денари ќе биде исплатен по изработката на стратегијата.

**3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2024 година и од обемот на одобрени иницијативи за изработка и финансирање на Урбанистички планови.

## ПРОГРАМА( Ф2 ), ПОТПРОГРАМА Ф20

## Програма за уредување на градежно земјиште

Со оваа Програма се уредува:

- Извори на финансирање напрограмата
- Пресметување на трошоците за дополнување и проширување на програмата
- Динамика на извршување на програмата

**1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за финансирање на уредување на градежно земјиште во Општина Кисела Вода за 2024 година се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2024.

**1. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **2.500.000,00** |
| **42** | | | **Стоки и Услуги** | **2.500,000,00** |
| | *425* | | **Договорниуслуги** | **2.500.000,00** |
| | | 425640 | Изработка на геодетски елаборати за посебни намени за нумерички податоци | **2.500.000,00** |

**Вовед**

- **Општ дел**

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016, бр. 275/2019, 101/21 и бр.153/23), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација(одобрение за градење) или врз основа на Решение за бесправно изграден објект и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.
Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

- **Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кисела Вода, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарската година.
За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото (мапите се дефинирани со урбанистичко планска документација).
Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.
Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: (се наведуваат населените места и локалитети; за населените места за кои постојат повеќе од еден урбанистички план, се наведуваат насловите на сите урбанистички планови што се однесуваат на парцелите што се предмет на Програмата)

- **Поделба на плански опфат при управување со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на територијата на Општина Кисела Вода**

Планскиот опфат на општина Кисела Вода се утврдува во три (3) зони.

Прва (I) зонаго дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаните населби, "Црниче", "Цветан Димов", "Пржино", "Кисела Вода", "11-ти Октомври – згради" и "11-ти Октомври - бараки".

Планскиот опфате дефиниран во границите на :

- На југ: границите дефинирани со планскиот опфат во ГУП на Град Скопје до спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар.
- На запад: од спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар, осовина на улица "Банско" до спој со освина на улица Црниче, од спој на осовина на улица Црниче со осовина на "Банско" до спој со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка), од спојот со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка) до спојот со осовина на булевар "Македонија",

- На север: од спојот со осовина на булевар "Македонија" со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка) до спојот со осовината на собирните улици "Иван Козаров" и "11-ти Октомври", од спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар до спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром, (железничка пруга Скопје – Велес) до раскрисница со осовина на булевар Србија (мостот)
- На Исток: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром со Булевар Србија оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365  КО Кисела Вода 1со улица "Марко Орешковиќ" оди по граница на КП 4365  КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот  опфат од ГУП на Град Скопје.

Втора (II) зона го дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаните населби, "Припор", "Пинтија", за село Усје - Пинтија, за локалитет "Градинар", локалитет "Охис" локалитет "Усје" и за локалитет на катастарска општина КО Горно Лисиче – Градежен.

Планскиот опфат е дефиниран во границите на :

- На запад: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1со улица "Марко Орешковиќ" оди по граница на КП 4365 КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот  опфат од ГУП на Град Скопје.
- На север: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром со булевар Србија – Киро Глигоров , границата оди по граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром (железничка пруга Скопје – Велес) до спој со граница на планскиот  опфат од ГУП на Град Скопје.
- На исток: од спој со граница на планскиот  опфат од ГУП на Град Скопје со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром, границата оди по границата на

планскиот опфат од ГУП на Град Скопје до најужна точка 541018.476 4645305.714 од планскиот опфат од ГУП на Град Скопје
- На југ: од најужна точка 541018.476, 4645305.714 во планскиот опфат од ГУП-от на Град Скопје, до спој на планскиот опфат на Град Скопје со границата на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1.

Третата (III) зона го дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаната населба Драчево, село Драчево и село Усје

**Основи за изработка на Програмата**

**Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019) и чл. 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл. Гласник бр. 01/20)

**Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Просторен план на Република Македонија за плански период од 2004 до 2020 година.
- Урбанистички планови за населените места
- Програма (Ф) Урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година

1. **Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

Со оваа програма се опфатени парцели во сопственост на Република Македонија (кои до донесување на програмата се идентификувани како такви.

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет**

**Детален преглед на градежните парцели по населено место и по урбанистички план**

| бр. | ДУП | Број на ГП | Основна ласа | Компатибилни класи | Максимална висина | Максимална катност | Површина на градежна парцела (м2) | Вкупна изградена површина (м2) | Катастарска Општина | Број на КП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Детален Урбанистички План Стакларница | 11.7 | Г2 | | 10.50 | | 654.00 | 540 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5339/1 |
| 2 | Детален Урбанистички План Стакларница | 11.6.2 | Г2 | | 10.50 | | 609.00 | 442 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5339/1 |
| 3 | Детален Урбанистички План Стакларница | 12.5 | Г2 | | 10.50 | | 844.00 | 396 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5339/1 |
| 4 | Детален Урбанистички План Стакларница | 9.7 | Г2 | | 10.50 | | 1132.00 | 1262 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5339/12 |
| 5 | Детален Урбанистички План Стакларница | 9.8 | Г2 | | 10.50 | | 1304.00 | 1565 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5339/1 |
| 6 | Детален Урбанистички План Стакларница | 8.1 | Г3 | | 10.50 | | 384.00 | 252 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5295 |
| 7 | Детален Урбанистички План Стакларница | 8.2 | Г3 | | 10.50 | | 643.00 | 368 | КИСЕЛА ВОДА 2 | 5295 |
| 8 | Детален Урбанистички План: блок ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР М3 71 - дел населба Драчево, Општина Кисела Вода | 2.2 | Б6 | | 10.8 | П | 2601.00 | 3,117.00 | Драчево 1 | 10898 |
| 9 | ДУП ПИНТИЈА | 1.49 | КО | | 4.0 | | 170.00 | 78 | Горно Лисиче | 6246/2 |
| 10 | ДУП ПИНТИЈА | 5.63 | ЈКД | | 10.20 | | 444.00 | 522 | Горно Лисиче | 6526/1 |
| 11 | ДУП: Дел од Исток А нас. Драчево-4 | 5.18 | А1 | | 8.7 | П+1+Пк | 450.00 | 432 | Драчево 1 | 8727/3, 8732/1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **12** | ДУП: Дел од населба Драчево - Западен дел А | 3.17 | А1 | | 8.4 | | 1143.00 | 300 | Драчево 1 | 7059/1 |
| **13** | ДУП: Детален Урбанистички План дел од опфат 3, локалитет Припор, Општина Кисела Вода | 3.14 | А1 | Б1 до 30% | 10.20 | П+2+Пк | 433.00 | 408 | Кисела Вода 1 | 5075/1 |
| **14** | ДУП: Детален Урбанистички План за населба "Кисела Вода" МЗ 70, локалитет 2, Блок 9, Општина Кисела Вода - Скопје | 14 | А2 | А4, Б1, Б2, Б4, В3, В4, Д3 | 14.7 | П+3+Пк | 284.00 | 508 | Кисела Вода 1 | 4278/1 и 4278/2 |
| **15** | ДУП: Детален Урбанистички План за реон Ј, Четврт Ј13, Општина Кисела Вода | 13.7.85 | А1 | Б1-30%, В1-30%, Д3-30%, Б5-5% | 10.20 | П+2 | 216.00 | 240 | Кисела Вода 1 | 3251 |
| **16** | ДУП: Детален Урбанистички План за реон Ј, Четврт Ј13, Општина Кисела Вода | 13.7.86 | А1 | Б1-30%, В1-30%, Д3 | 10.20 | П+2 | 192.00 | 240 | Кисела Вода 1 | 3251 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -30%, Б5-5% | | | | | | |
| 17 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј08, Општина Кисела Вода, Скопје | 17.04а | А1 | Б1, В1 - до 30% | 10.20 | П+2+пк | 273.12 | 421 | Кисела Вода 1 | 711/1 |
| 18 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода-Скопје | 5.19 | А1 | Б1 до 30% | 10.20 | П+2+Пк | 345.00 | 510 | Кисела Вода 1 | 1158/2 |
| 19 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода-Скопје | 5.15.1 | А2 | Б1 и Б4 до 40% | 15.00 | П+3+Пк | 341.00 | 785 | Кисела Вода 1 | 1156/1 |
| 20 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода-Скопје | 5.11.1 | А2 | Б1 и Б4 до 40% | 15.00 | П+3+Пк | 346.00 | 705 | Кисела Вода 1 | 1156/1, 1156/9 И 1143 |
| 21 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода-Скопје | 6.26 | А1 | Б1 до 30% | 10.20 | П+2+Пк | 466.00 | 660 | Кисела Вода 1 | 2674/9 |
| 22 | ДУП: Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода-Скопје | 6.25 | А1 | Б1 до 30% | 10.20 | П+2+Пк | 336.00 | 660 | Кисела Вода 1 | 2674/8 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | ДУП: Изменување и дополнување на дел од Детален Урбанистички План М.З Цветан Димов-Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8 и 10) Општина Кисела Вода, Скопје | 1.5 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Г2, Г3, Г4 до 49% | 10.50 | | 607.00 | 624 | Кисела Вода 1 | 805/4 |
| 24 | ДУП: населба Пинтија | 11.16 | А1 | | 4.00 | | 247.00 | 65 | Горно Лисиче | 3735/2 |
| 25 | ДУП: Стакларница | 11.6.2 | Г2 | | 10.50 | | 609.00 | 442 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 26 | ДУП: Стакларница | 11.7 | Г2 | | 10.50 | | 654.00 | 540 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 27 | Изменување и дополнување на дел од Детален Урбанистички План М.З Цветан Димов-Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8 и 10) Општина Кисела Вода, Скопје | 1.1 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Г2, Г3, Г4 до 49% | 10.50 | | 1265.00 | 1010 | Кисела Вода 1 | 801/1 |
| 28 | Изменување и дополнување на дел од Детален Урбанистички План М.З Цветан Димов-Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8 и 10) Општина Кисела Вода, Скопје | 1.1 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Г2, Г3, Г4 до 49% | 10.50 | | 1265.00 | 1010.00 | Кисела Вода 1 | 801/1 |
| 29 | Реон Ј, четврт Ј12 | 3.1 | А2 | Б1, Б2, Б3, Б5, В4 - 40% | 27 - 66 | П+7+Пк - П+20+Пк | 2895.00 | 23,395.00 | Кисела Вода 1 | 1086 |
| 30 | Реон Ј, четврт Ј12 | 13.1 | А2 | Б1, | 27.00 | П+7+Пк - | 4475.00 | 48,764.00 | Кисела Вода 1 | 1086 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Б 2, Б 3, Б 5, В 4 - 40 % | - 66. 00 | П+20+ Пк | | | | |
| 31 | Детален Урбанистички План Стакларница | 14. 2 | Г3 | | 10. 50 | | 1.294,00 | 1.053,00 | Кисела Вода 2 | 5335/ 1, 5335/ 2 |
| 32 | Детален Урбанистички План Стакларница | 14. 3 | Г3 | | 10. 50 | | 1.609,00 | 1.235,00 | Кисела Вода 2 | 5335/ 1,533 6/1,5 337/1 , |

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтереси-раните страни за купување на одредени делови одградежното земјиште. Заинтересиранитестрани се всушност потенцијалните купувачина земјиштето и идниинвеститори, ипретставуваат целна групата наактивностите од маркетинг стратегијата.
Со оглед на различната намена иместоположба на градежното земјиште штоќе биде понудено, логично е целните групиза одделни локации да бидат различни.
Следен чекор е идентификување нанајефикасните маркетинг пристапи, алатки иканали за комуницирање/промовирање напонудата до заинтересираните страни.
Маркетинг пристапот, алатките и каналитеза комуницирање/промовирање селимитирани од повеќе аспекти, но главно одфинансиската моќ на општината. Како и дае, маркетинг стратегијата мора да обезбедииспраќање на вистинска, навремена ипрецизна информација на вистинска адреса.

- **Дефинирање на целни групи за оделнигрупи на градежни парцели**

Согласно соодветно утврдenатакатегоризација по категории во генералниотурбанистички план и деталнитеурабанистички планови на соодветен начинсе дефинираат и утврдени целните групи за
одделни градежни парцели и согласнонивниот интерес.

- **Дефинирање на најефикаснитемаркетинг пристапи, алатки и канали**

-организирање на форуми
-собири на граѓани
-рекламниспотови
-вебсајтинформации

- **Дефинирање на временската рамка заимплементација на маркетингстратегијата**

Имплементацијата на маркетингстратегијата ќе се врши континуирано се дореализација на Програмата.

4. **Динамика на реализација наПрограмата**

- **Турнуси за објавување оглас, временскипериод за објавување на огласите ираспределба на градежните парцели потурнуси**

Со цел минимизирање на финасискитетрошоци поврзани со објавата на огласи заотуѓување, односно давање под закуп наградежното земјиште се предвидувагрaдежните парцели што се предмет нагодишната Програма да се објават вотурнуси.

Секој турнус ке опфати објава на огласи заградежните парцели што се наоѓаат восостав на одредни населени места, урбаниблокови или локалитети.

Динамиката нареализација ќе се одвива согласноинтересите и плановите на реализација наБуџетот на општина Кисела Вода, односнореализацијата до крајот на годината ќе сеодвива:

-во 2024година20%од градежнитепарцели

- **Пропишување на условите за надавање**

Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето

- **Надлежност за реализацијата наПрограмата**

Надлежност за спроведување напостапките за отуѓување или давање подзакуп на градежно земјиште сопственост наРепублика Македонија,има Комисијата заспроведување на постапки за јавнонаддавање која ке биде формирана одстрана на Градоначалникот на Општина Кисела Вода согласно Законот за градежноземјиште.

5. **Проценка на финансискитеприливи по основ на реализација на**

- **Програмата (приходна страна наПрограмата)**

Проценката на финансискитеприходи кумулативно за секое населеноместо одделно, според просечната пазарнацена за метар квадратен градежно земјиштепо зони во секое населено место или локалитет.

6. **Проценка на финансискитесредства потребни за реализација наПрограмата (расходна страна наПрограмата)**

Финансиските средства потребни зареализација на програмате ги опфакапроценетите финансиски средства потребниза реализирање на следните активности:

- трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- трошоци по основ на експропријација;
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица, и

- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**Вкупно за стоки и услуги се предвидени за подпрограма Ф2: 2.500.000,00 денари**

## ПРОГРАМА (ФА) - ПОТПРОГРАМА ФА0

## ПРОГРАМА
## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Програмата содржи:**

I. Просторот на уредување;
II. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;
IV. Финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
VI. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба;
VII. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Висината на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште;
XI. Динамика за извршување на Програмата;

## I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода определено со ДУП.

## *II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,

- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), со тоа што Општина  Кисела Вода врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Кисела Вода;
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ  НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2024 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмите ФА, како следува:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **1.000.000,00** |
| **48** | | | **Капитални расходи** | **1.000.000,00** |
| | *485* | | **Вложување и нефинансиски средства** | **1.000.000,00** |
| | | 485420 | **Експропријација, откуп на земјиште од физички лица. (Надомест за одземен имот)** | **1.000.000,00** |

**Вкупно за капитални расходи за подпрограмата ФА:1.000.000,00 денари**

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Кисела Вода.

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на Градот ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15 и 192/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15 и 192/15).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3) Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Кисела Вода за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.
Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Кисела Вода.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

### VI-1. Висината на надоместокот

Надоместок за уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2018 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/м$^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.

**VI-2. Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба**

Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се регулира со заклучок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ГУП на Град Скопје (според Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017) .

Договорот од предходниот став се склучува во писмена форма.

Висината на утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се определува според основица со состојба на ден 04.03.2011 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина.

Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти може да се плаќа од 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш во готово, а остатокот од 11 (единаесет) еднакви месечни рати, за кои инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објектисе пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точка 1, 2 и 3 од оваа глава дадено во табела 1:

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и Општина Кисела Вода и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

2. ***Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка***

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа----------------------------------------- 1,5о%
- Фекална канализациона мрежа---------------------- 1,5о%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

***3. Трошоци за поранешно расчистување***

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Градот опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експропририаните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласноПравилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/12 и 29/15);

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за

деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен  во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

# VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат
- во сооднос 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стретства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Кисела Вода за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% Општина Кисела Вода за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава VI, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.

- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П."Водовод и канализација" и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П."Водовод и канализација". Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П."Водовод и канализација", како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.
- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени соинвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

**КОМПЛЕКС-1**

**ДЕЛ-1 (Општина Кисела Вода)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: дел И 07 (по аднистративната граница со Општина Центар),Ј 08, Ј 09, Ј 10, Ј 11, Ј 12 и дел Ј 20 (северен дел од раскрсница на ул.”Народни Херои” (473) со ул. “Димо Хаџи Димов” (725), оди на запад и излегува на ул.”(748)” и потоа на ул. “Рилски Конгрес” (441) доаѓа до ул.”Црниче” (437)), **каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Кисела Вода.**

**Во ПРВИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-1 (Општина Кисела Вода).**

**КОМПЛЕКС-2**

ДЕЛ-2- (Општина Кисела Вода)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 13, Ј 14 и северен дел Ј 20 (од раскрсница на ул.”Народни Херои” (473) со ул. “Димо Хаџи Димов” (725), оди на запад и излегува на ул.”(748)” и потоа на ул. “Рилски Конгрес” (441) доаѓа до ул.”Црниче” (437)), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Кисела Вода.

Во ВТОРИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-2 (Општина Кисела Вода).

**КОМПЛЕКС-3**

ДЕЛ-3- (Општина Кисела Вода)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 15, Ј 16, Ј 17, Ј 19 и ЈИ 08, **каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Кисела Вода.**

**Во ТРЕТИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-3 (Општина Кисела Вода)**

**КОМПЛЕКС-4**

ДЕЛ-4- (Општина Кисела Вода- Драчево)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следната градска четврт: Ј18, каде завршува описот на комплекс-4 за Општина Кисела Вода - Драчево.

Во ЧЕТВРТИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-4 (Општина Кисела Вода-Драчево).

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

X. **Висината на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште**

Локалниот надоместок за градење на делумно уредено градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода, кое ќе се доуредува, за градбите од втора категорија од член 57 од Законот за градење во зона 5 – сите градби на подрачјето на Општина Кисела Вода кои се опфатени со урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, ќе се регулира со Договор што инвеститорот ќе го склучи со Општина Кисела Вода во писмена форма.

Висината на локалниот надоместок се утврдува согласно основицата утврдена од Град Скопје за уредување на градежно земјиште изразена во денари/м2 нето изградена површина, а која основица месечно се усогласува со промената на индексот на пораст на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промена на цената на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот се плаќа во целост или може да се плаќа на 7 рати од кои првата рата изнесува 30% од пресметаниот износ на надоместокот кој се плаќа веднаш, а за преостанатите 6 рати инвеститорот е должен до Секторот за финансиски прашања при Општина Кисела Вода да достави банкарска гаранција која ќе биде активирана во случај на неплаќање на две последователни месечни рати. Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Општина Кисела Вода, прикажан во следниот графикон:

| Комплекс | Погодност - на Локалитетот (комплекс) бонитет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Станбен простор | Деловен или јавен простор | Г-Производство дистрибуција и сервиси | А4- Времено сместување | Б5 Хотелски комплекси |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ЗОНА5 | 10% | 12% | 32% Од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% Од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% Од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 |

Локалниот надоместок се уплатува на сметка на Општина Кисела Вода.

XI. **Динамика на извршување на програмата**

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства.

**Преодни и завршни одредби на Програмата (Ф) Урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот преку Секторот за урбанизам и просторно планирање, Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/5
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба на јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година**

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојна програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба на јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/3
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите ( Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ ЈАА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА 2024-2026**

**Цели:**

**Подобрување на условите за живеење**

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2024 година градежни работи...................100.000,00 денари
- Втора фаза – 2025 година градежни работи...............3.900.000,00 денари
- Трета фаза – 2026 година градежни работи.............29.000.000,00 денари

- Вкупно...........................................................................33.000.000,00 денари

**Реализатор:**
Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/6
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈНБ - изградба на детски и спортски игралишта и урбана опрема на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година**

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојна програма - Програма од надлежност ЈНБ - изградба на детски и спортски игралишта и урбана опрема на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/4
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите ( Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ ЈНБ- ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Цели:**

**Подобрување на условите за живеење**

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2024 година градежни работи..............18.000.000,00 денари
- Втора фаза – 2025 година градежни работи.............27.000.000,00 денари
- Трета фаза – 2026 година градежни работи.............25.000.000,00 денари

- Вкупно........................................................................70.000.000,00 денари

**Реализатор:**
Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-430/7
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополнување на Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/5
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04, бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште (Сл.Весник на РМ бр15/2015, бр98/2015, бр193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр190/2016), член 16, став 1, точка 1, алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**Програма за**
**измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Ј)- комунални дејности за 2024 година

**Подпрограма Ј30 јавно осветлување**

Подпрограма Ј30 јавна чистота- јавно осветлување од предвидените 28.200.000,00 денари се зголемува на 30.900.000,00 денари

Подставка 424390 одржување на други градби се зголемува на 2.500.000,00 ден и сега изнесува 15.000.000,00 ден

Подставка 426990 се зголемува за 200.000,00 ден и сега изнесува 700.000,00 ден

**Подпрограма Ј40 јавна чистота**

-подпрограма Ј40 јавна чистота од планираните 9.100.000,00 се зголемува на 11.100.000,00ден

Подставката 425990 од планирани 8.000.000,00 ден се зголемува за 10.000.000,00ден

Реализацијата на Програмата Ј комунални дејности ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Измената и дополната на Програмата (Ј) Комунални дејности на општина Кисела Вода за 2024 година стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-430/8
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/6
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година со бр. 09-11002/13 од 27.12.2023 година, на начин што во делот Програма за култура (К4) културни манифестации и творештво за 2024 година:

- Проект 8. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА,** зборовите „потребни средства 1.600.000,00 денари“, се заменуваат со зборовите „потребни средства 1.800.000,00 денари“.

Се врши измена и дополна во табела Програма за култура (К4) културни манифестации и творештво за 2024 година на начин што:

- Проект 8. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, зборовите „потребни средства 1.600.000,00 денари“, се заменуваат со зборовите „потребни средства 1.800.000,00 денари“.

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година - Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2024 година на начин што истата се дополнува со:

**Проект 10 МАЛА АКДЕМИЈА - НИКУЛЦИ**

Малата академија е девет месечена работилница за, литературно, музичко и визуелно
раскажување/изразување и создавање на културно-уметнички производ (артефакт).

Суштината на овој курс е во градењето на креативнитепотенцијали, вештини и техники кај децата од општина Кисела Вода од најмала возраст. Како докажани експертиод областа на уметноста и образованието, со еден збор од областа на културата, сметаме дека малку внимание се посветува при развојот на креативните способности кај најмладите, на аналитичкото и латерално раскажување и размислување и градење на културни содржини, кои се клучни за оформување на една здрава личност. Сметаме дека е важно

децата од најмала возраст да се запознаат, поттикнат на овој план и да се зајакнат нивните вродени потенцијали за отворено пристапување кон опкружувањето и креативно промислување на себе си и околината.
Во кратки црти програмата се однесува на запознавање на најмладата генерација, од три до тринаесет годишна возраст со ликовните структури, нивната поврзаност пред се (раскажувањето приказни на аудиовизуелен начин) нивна реализација и склоп на сите ликовни структури во целина односно подвижната фотографија или филм и театарот како претходник. Односно-серија на интерактивни работилници кои очинуваат целина во која тие ќе се запознаат и ќе практикуваат неколку можни начини на (пред се) визуелно изразување.
Програмата е поделена во три тримесечни фази, и тоа:
Предмети застапени по етапи:
( забелешка - сите активности се базираат на интерактивен и партиципативен принцип со дадени задачи и учениците заедно ги учат сите предмети )
Прво тромесечје
- Сценарио (приказна)
- Цртање и сликање (визуелизација на зададена реченица)
- Режија и глума (запознавање со улогата)
- Фотографија (запознавање со илузијата на 2 димензии )
- Камера (запознавање со подвижната фотографија)
- Монтажа и музика (запознавање со основите на ритамот и тонот )
Второ тромесечје
- Сценарио (развој на сценарио)
- Цртање, сликање и скулптура (етапна фаза сторибορд - дводимензионално визуелизирање на приказна и запознавање со шестата димензија
- Режија и глума (комуникација на база дадена тема и моќта на диригентската палка под основа на морал и етика)
- Фотографија (основи на фотографијата и нејзината манипулација/ опскура и фото-лабораторија)
- Камера (основи на подвижна фотографија и осветлување на простор)
- Монтажа и музика (имплементација на ритамот и тонот во приказна)
Трето тромесечје
- Сценарио (завршна фаза на приказна и комплетирање во целост и нејзина реализација)
- Цртање сликање и скулптура (последна фаза/реализација на скица моделарство (простор –сценографија))
- Режија и глума (етапно комплетирање на приказна и нејзина реализација)
- Фотографија (реализација на приказна во еден фрејм ентериерно- студио и екстериерно)
- Камера (реализација на приказна)
- Монтажа и музика (реализација)
Завршна фаза:
- Изложба на делата (цртежи и фотографии)
- Кино проекција
- Свечено доделување на плакети за завршен Мала
-Академски курс

Напомена: Мала Академијата е пред се базирана на реализација на детска игра но во неа треба да има академски образован тим на предавачи од сите наведени бранши во поголем број ( пример по тројца од дадена област ) и тенденција за – доколку завршените кандидати (ученици) изразат желба да продолжат со развој на нивната креација во повисок степен од игра, тоа право во ниту еден случај не треба да им биде прекинато, односно мора да се склопи програма за нареден деветмесечен курс со подетален пристап и поопширна програма.

- Анимација
- Видео игри
- Стоп моушен анимација (фотографија) итн.
- Истражување

(Заедничка изработка на мини музеј на заборавена урбана скопска легенда (да кажеме „Грк Зорба") што ќе и даде поширока економско- туристичка рамка на работилницата.)

Под алинеја останато: КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ се дополнува со нова алинеја - ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ-Потребни средства за реализација 300.000 денари за обезбедување интернет конекција во Домот, ПП апарати, План за евакуација, обезбедување, осигурување и решавање на проблемот со греење во кино-салата.

Се врши измена и дополна во табела за буџет и Програма за работа на „Дом на култура Билјана Беличанец„- Скопје за 2024 година на начин што се дополнува со:

Под број 10 Проект: 10 МАЛА АКДЕМИЈА - НИКУЛЦИ

Под број 11 зборовите „Општина Кисела Вода кофинансира 1.100.000,00 денари", се заменуваат со зборовите „ Општина Кисела Вода кофинансира 1.700.000,00 денари ".

Се врши измена и дополна во делот ВКУПНО – Предлог за култура (К4) културни манифестации и творештво за 2024 година, на начин што зборовите „9.000.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „10.100.000,00 денари".

Се врши измена и дополнување на Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални трошоци за 2024 година, со бр. 09-11002/13 од 27.12.2023 година на начин што истата се дополнува со:

Проект 3. Поставување на скулптури на важни личности од областа на културата, уметноста, историјата........................потребни средства 500.000,00 денари

Проект 4. Набавка на друга опрема, опремување на галеријата и конференциската сала во Дом на култура Билјана Беличанец-Скопје................потребни средства 300.000,00 денари.

Се врши измена и дополна во табела Буџет на Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални трошоци за 2024 година на начин што се дополнува со:
Проект 3. Поставување на скулптури на важни личности од областа на културата, уметноста, историјата............потребни средства 500.000,00 денари
Проект 4. Набавка на друга опрема, опремување на галеријата и конференциската сала во Дом на култура Билјана Беличанец-Скопје......................................................потребни средства 300.000,00 денари.
Се врши измена и дополна во делот ВКУПНО – Предлог за култура (К4) културни манифестации и творештво Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални трошоци за 2024 година, на начин што зборовите „9.300.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „11.200.000,00 денари".

Во останатиот дел Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година, останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/9
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/7
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Оштина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година со бр. 09-11002/12 од 27.12.2023 година на начин што во делот Програма за основно образование (Н1) за 2024 година:

- под точка број 2, „Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода“, зборовите „предвидена финансиска рамка 3.300.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „предвидена финансиска рамка 6.800.000,00 денари“.

Се врши и промена во точка 3, табела 2 и табела 3 каде:

- Во табела 1, под точка број 2 зборовите „Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода – 3.300.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода – 6.800.000,00 денари“.
  Во табела 2, во делот ВКУПНО, зборовите – „10.530.000,00 денари“, се заменуваат со зборовите „14.030.000,00 денари“.
- Во табелата 3, под точка 1 „Програмата (Н1) основно образование, предвидени средства 10.530.000,00 денари“, се менува во „Програмата (Н1) основно образование, предвидени средства 14.030.000,00 денари“,
- Во табела 3, во делот „ВКУПНО - Програмата (Н1) и (НА) за основно образование, предвидени средства 91.530.000,00 денари“ се менува и гласи „ВКУПНО, Програмата (Н1) и (НА) основно образование, предвидени средства 95.030.000,00 денари.

Во останатиот текст на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-430/10
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“, н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“, н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/8<br>30.01.2024 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за ставање вон сила на Развојна програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ", н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се става вон сила Развојната програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ", н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2024 година, бр.09-4676/4 од 05.06.2023 година и Програмата за измена и дополна на Развојна програма Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ", н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година бр.09-7245/31 од 30.08.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/11
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/9
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 29 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018, и Службен весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22), Советот на Општина Кисела Вода на 34 седница, одржана на 23.01.2024 година, донесе

Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година се состои од:

во денари

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **1.003.521.754** | **1.024.101.754** |
| **- Даночни приходи** | **335.080.000** | **335.080.000** |
| **- Неданочни приходи** | **80.530.000** | **84.030.000** |
| **- Капитални приходи** | **38.422.399** | **38.422.399** |
| **- Приходи од дотации** | **511.086.000** | **511.086.000** |
| **- Трансфери** | **32.403.355** | **32.403.355** |
| **- Приходи од донации** | **6.000.000** | **23.080.000** |
| **II. Вкупни расходи** | **1.240.541.754** | **1.255.414.736** |
| - утврдени намени | 1.238.541.754 | 1.253.414.736 |
| - резерви | 2.000.000 | 2.000.000 |
| III. Дефицит | -237.020.000 | - 231.312.982 |
| IV.Финансирање | 237.020.000 | 231.312.982 |
| **Прилив** | **250.020.000** | **244.312.982** |
| **Домашно задолжување** | **0** | **0** |
| **Депозит** | **250.020.000** | **244.312.982** |
| **Одлив** | **13.000.000** | **13.000.000** |
| **Отплата на главница** | **13.000.000** | **13.000.000** |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски приходи | | Приходи од самофинансирачки активности | | Приходи од дотации | | Приходи од донации | | Приходи од кредити | | Зкупни приходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | 659.225.754 | 647.518.736 | 77.230.000 | 80.730.000 | 511.086.000 | 517.086.000 | 6.000.000 | 23.080.000 | 0 | 0 | 1.253.541.754 | 1.268.414.736 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **335.080.000** | **335.080.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **335.080.000** | **335.080.000** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 22.800.000 | 22.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.800.000 | 22.800.000 |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален Данок на доход од занаетчиска дејност | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 713 | Даноци на имот | 119.000.000 | 119.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 119.000.000 | 119.000.000 |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 35.000.000 | 35.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.000.000 | 35.000.000 |
| 713112 | Данок на имот по повисока стапка | 10.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 10.000.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 11.000.000 | 11.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.000.000 | 11.000.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 8.000.000 | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 8.000.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 35.000.000 | 35.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.000.000 | 35.000.000 |
| 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 18.000.000 | 18.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.000.000 | 18.000.000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на Данокот на имот | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 193.080.000 | 193.080.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 193.080.000 | 193.080.000 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 7.000.000 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 7.000.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 48.000.000 | 48.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48.000.000 | 48.000.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 500.000 |
| 717134 | Комунална Такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 132.480.000 | 132.480.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 132.480.000 | 132.480.000 |
| 717138 | Надоместоци од Комунална дејност | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.000.000 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| 718134 Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.300.000** | **3.300.000** | **77.230.000** | **80.730.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **80.530.000** | **84.030.000** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| 722315 Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| 723 Такси и надоместоци | 300.000 | 300.000 | 75.230.000 | 78.730.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 75.530.000 | 79.030.000 |
| 723111 целодневна и претшколска грижа | 0 | 0 | 58.578.000 | 58.578.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 58.578.000 | 58.578.000 |
| 723112 Средства за екскурзии | 150.000 | 150.000 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| 723116 Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 150.000 | 150.000 | 180.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 330.000 | 330.000 |
| 723119 Други помошни активности во образованието | 0 | 0 | 1.237.000 | 1.237.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.237.000 | 1.237.000 |
| 723911 Закупнина од објекти | 0 | 0 | 15.085.000 | 18.585.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.085.000 | 18.585.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 725111 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 725922 Приходи од осигурување на имот | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| 725939 Останати неданочни Приходи | 0 | 0 | 1.800.000 | 1.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 | 1.800.000 |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **38.422.399** | **38.422.399** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **38.422.399** | **38.422.399** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 38.422.399 | 38.422.399 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 38.422.399 | 38.422.399 |
| 733111 Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија | 20.847.499 | 20.847.499 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.847.499 | 20.847.499 |
| 733115 Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733119 Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 574.900 | 574.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 574.900 | 574.900 |
| 733120 Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| 733144 Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 14.000.000 | 14.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.000.000 | 14.000.000 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **282.423.355** | **270.716.337** | **0** | **0** | **511.086.000** | **517.086.000** | **6.000.000** | **23.080.000** | **0** | **0** | **799.509.355** | **810.882.337** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 282.423.355 | 270.716.337 | 0 | 0 | 511.086.000 | 517.086.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 793.509.355 | 787.802.337 |
| 741111 Тековни трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741112 Трансфери од буџетот на рм | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741113 Трансфери од буџетите на фондовите | 8.686.386 | 8.686.386 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.686.386 | 8.686.386 |
| 741114 Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 250.020.000 | 238.312.982 | 0 | 0 | 0 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.020.000 | 244.312.982 |
| 741115 Дотации на општината, од Приходи од ддв | 23.716.969 | 23.716.969 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.716.969 | 23.716.969 |
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 0 | 511.086.000 | 511.086.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 511.086.000 | 511.086.000 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.000.000 | 16.880.000 | 0 | 0 | 6.000.000 | 16.880.000 |
| 742113 Приходи од светската банка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742115 Приходи од европските држави | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.000.000 | 15.330.000 | 0 | 0 | 6.000.000 | 15.330.000 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.550.000 | 0 | 0 | 0 | 1.550.000 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.200.000 | 0 | 0 | 0 | 6.200.000 |
| 744311 Други тековни донацции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.200.000 | 0 | 0 | 0 | 6.200.000 |
| **75 ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 754 Друго домаШно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 754111 Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## БИЛАНС НА РАСХОДИ - ребаланс

### Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | **Вкупни расходи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | **659.225.754** | **647.518.736** | **77.230.000** | **80.730.000** | **511.086.000** | **517.086.000** | **6.000.000** | **23.080.000** | **0** | **0** | **1.253.541.754** | **1.268.414.736** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **96.632.000** | **96.632.000** | **360.000** | **360.000** | **480.740.142** | **480.740.142** | **0** | **0** | **0** | **0** | **577.732.142** | **577.732.142** |
| 401 Основни плати | 62.142.000 | 62.142.000 | 40.000 | 40.000 | 340.106.600 | 340.106.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 402.288.600 | 402.288.600 |
| 401110 Основни плати -функционери | 1.440.000 | 1.440.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.440.000 | 1.440.000 |
| 401120 Основни плати - државни службеници | 48.000.000 | 48.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48.000.000 | 48.000.000 |
| 401130 Основни плати - други вработени | 6.480.000 | 6.480.000 | 0 | 0 | 315.652.000 | 315.652.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 322.132.000 | 322.132.000 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 5.322.000 | 5.322.000 | 0 | 0 | 23.704.000 | 23.704.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29.026.000 | 29.026.000 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 900.000 | 900.000 | 40.000 | 40.000 | 750.600 | 750.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.690.600 | 1.690.600 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 24.872.000 | 24.872.000 | 0 | 0 | 132.528.000 | 132.528.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 157.400.000 | 157.400.000 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 16.040.000 | 16.040.000 | 0 | 0 | 87.562.000 | 87.562.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 103.602.000 | 103.602.000 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 6.855.000 | 6.855.000 | 0 | 0 | 36.159.000 | 36.159.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43.014.000 | 43.014.000 |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | 574.000 | 574.000 | 0 | 0 | 2.669.000 | 2.669.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.243.000 | 3.243.000 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 1.403.000 | 1.403.000 | 0 | 0 | 6.138.000 | 6.138.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.541.000 | 7.541.000 |
| 404 Надоместоци | 9.618.000 | 9.618.000 | 320.000 | 320.000 | 8.105.542 | 8.105.542 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.043.542 | 18.043.542 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 2.518.000 | 2.518.000 | 0 | 0 | 8.105.542 | 8.105.542 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.623.542 | 10.623.542 |
| 404150 Други надоместоци | 7.100.000 | 7.100.000 | 320.000 | 320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.420.000 | 7.420.000 |
**за објава на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/10
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 8, став 2, алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на Р.М." бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), член 160, став 3 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ" бр.161/19, бр.229/20), Уредбата за Методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини за 2024 година ("Сл. Весник на РСМ" бр. 256/2023) и член 34, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година, во Програмата Н1 и Подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на сите 8 (осум) основни училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на општинските основни училишта и нивните годишни финансиски планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основните училишта се:

- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2024 година од Министерството за образование и наука,
- Бројот на ученици - вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- Големина - површина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = ( м2 x 0,1 ) + ( бр.уч. x 4 ) : ( вк.м2 x 0,1 ) + ( вк.бр.уч. x 4 ), каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2024 година
( 348.864.000,00 – 323.651.600,00 денари ), од кои
- 348.864.000,00 денари е вредноста на вкупната блок дотација за 2024 година за основно образование
- 323.651.600,00 денари е вкупниот износ за бруто плати и надоместоци за сите вработени во ООУ и
- 25.212.400,00 денари е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефициент за површина = 0,1
Куч. – коефициент за број на ученици = 4

Табела по формула
РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА ( БЕЗ БРУТО ПЛАТИ )
Наменскиот дел за 2024 година изнесува 25.212.400,00 денари
Коефициент за површина = 0,1
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр | Основно училиште | Вкупно површина | Вкупен број на ученици | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | " Кузман Јосифовски Питу" | 4 078m2 | 646 | 12% | 3.025.488 |
| 2. | "Партенија Зографски" | 3997m2 | 492 | 9,4% | 2.369.965.6 |
| 3. | "Невена Георгиева Дуња" | 2920 m2 | 650 | 11.5% | 2.899.426 |
| 4. | "Кирил Пејчиновиќ" | 5283m2 | 1012 | 18% | 4.538.232 |
| 5. | "Круме Кепески" | 3 437m2 | 756 | 13.5% | 3.403.674 |
| 6. | "Рајко Жинзифов" | 4824m2 | 826 | 15% | 3.781.860 |
| 7. | "Кузман Шапкарев" | 5237 m2 | 658 | 12,6% | 3.176.762.4 |
| 8. | "Св.Климент Охридски" | 2651m2 | 420 | 8% | 2.016.992 |
| | **Вкупно** | **32 427 m2** | **5460** | **100%** | **25.212.400** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1.52 апоени, на петте основни училишта за сметка на ООУ "Невена Георгиева Дуња" на кое му се додаваат 5.2% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.200.000,00 денари, на ООУ "Рајко Жинзифов" на кое му се додаваат 1.3% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 380.000,00 денари и на ООУ „Кузман Јосифовски Питу" на кое му се додаваат 1.1% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 300.000,00 денари

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2024 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.
По исклучок може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на едно основно училиште за сметка на друго основно училиште.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/13
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/11
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 8, став 2, алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на Р.М." бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), член 184, став 5 од Законот за заштита на децата („Сл. Весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Уредбата за Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2024 година ("Сл. Весник на РСМ" бр. 220/2023) и член 34, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на РСМ за 2024 година, се врши финансирање на Јавните установи општински детски градинки:
- "8-ми Март" и
- "Весели Цветови".

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на двете јавни детски градинки врз основа на податоците доставени од страна на градинките и нивните годишни финансиски планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по јавните детски градинки се:
- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2024 година од Министерството за труд и социјална политика,
- Бројот на згрижени деца - вкупно на ниво на општина, односно по јавна детска градинка и
- Големина - површина на јавната детска градинка.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = ( м2 x 0,1 ) + ( бр.деца. x 4 ) : ( вк.м2 x 0,1 ) + ( вк.бр.деца. x 4 ), каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2024 година
(162.222.000,00 – 157.088.542,00 денари), од кои

- 162.222.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2024 година за згрижување и воспитание на деца
- 157.088.542,00 е вкупниот износ за бруто плати и надоместоци за сите вработени во ЈДГ и
- 5.133.458,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефициент за површина (сите објекти + дворна површина) = 0,1
Кдеца. – коефициент за број на деца = 4

Табела по формула
РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)
Наменскиот дел за 2024 година изнесува -5.133.458,00 денари
Коефициент за површина = 0,1
Коефициент за број на деца = 4

| Ред.бр | Јавна детска градинка | Вкупно површина | Вкупен број на деца | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ”8-ми Март” | 26860 m2 | 1162 | 54% | 2.772.067,00 |
| 2. | “Весели Цветови” | 17126 m2 | 1104 | 46% | 2.361.391,00 |
| | **Вкупно** | **43986 m2** | **2266** | **100%** | 5.133.458,00 |

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до јавните детски градинки, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за труд и социјална политика до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по јавните детски градинки за 2024 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

По исклучок може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на една јавна детска градинка за сметка на другата детска градинка.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/14
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје, донесен на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/12
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 36 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Кисела Вода, бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

**За условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје – Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје, како и се уредува начинот на формирање и надлежност на комисијата за спроведување на постапката на давање на користење термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

**Член 2**

Согласно овој правилник се утврдуваат составните делови за користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје , односно поединечните простори на домот кои се именуваат како ;

- голема сала
- галерија
- мала сала
- пацио
- медијатека.

Овој правилник е во согласност со важечкиот Правилник за одржување и користење на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје - Скопје

## II. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА НА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРМИНИ ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ" ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

**Член 3**

Во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје согласно член 67 од Законот за локална самоуправа и овој Правилник, Општината Кисела Вода ќе дава термини на користење за културни манифестации и за едукативни работилници во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

**Член 4**

Приоритет за користење на термин за културни манифестации и едукативни работилници ќе имаат физички и правни лица кои се регистрирани на територијата на општина Кисела Вода.

**Член 5**

Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје ќе дава термини на користење на рок од **1** ( една ) година, но не на рок подолг од **5** (пет) години.

Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје ќе дава термини на користење по претходно прибавено позитивно мислење од основачот - Советот на Општина Кисела Вода.

Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје има обврска да прибави позитивно мислење од основачот – Советот на Општина Кисела Вода само доколку се работи за давање на термини на рок подолг од 1 (една ) година.

Барањето од ставот два на овој член за добивање на позитивно мислење од страна на основачот го доставува Директорот на Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје до Советот на Општина Кисела Вода.

**Член 6**

Давањето на термини за користење на простории во културната установа се врши по пат на прибирање на затворени писмени пријави преку јавен оглас.

На огласот можат да пријават учество сите домашни правни и физички лица под услови утврдени со овој Правилник.

Огласот се објавува од страна на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје во најмалку еден печатен медиум за јавно информирање и на WEB страната на Општината.

Рокот за пријавување изнесува 8 дена од денот на објавата на огласот во службено гласило.

**Член 7**

Надоместокот за давање на термини се определува и се плаќа во денари.

Надоместокот во договорот за користење се изразува во нето износ без ДДВ.

**Член 8**

За давањето за користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје и корисникот се склучува договор за користење на термини во културната установа, во чија содржина се дефинираат обврските на јавната установа и корисникот.

**Член 9**

Огласот за давање на користење термини во јавната установа содржи:
- назив и адреса на органот кој го распишува;
- местоположба на културниот објект;
- намената на културниот објект;
- термини за користење во културниот објект;
- рок на траење на огласот;
- начин на пријавување на огласот;
- износ на почетна цена на термин;
- критериум за избор на најповолен понудувач; и
- време на издавање.

**Член 10**

Кандидатите кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават ;

А) За правни лица:
- Доказ за регистрирана дејност;
- копија од тековна состојба на правното лице издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- овластување издадено од одговорно лице на правното лице;
- телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
- жиро сметка.

Б) За физички лица:
- доказ за идентитет (лична карта или патна исправа);
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка.

**Член 11**

Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје

Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „за оглас на користиње на термин во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје и бројот на јавниот оглас.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот.

**Член 12**

Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисија без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.

**Член 13**

Јавно наддавање се спроведува доколку за користење на определен термин се јават најмалку двајца заинтересирани кандидати и истите се известуваат за денот и времето на наддавањето.

Ако на огласот се јави само еден заинтересиран кандидат, се склучува договор со истиот доколку ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Ако на огласот за издавање на користење на термин во културниот објект не се јават заинтересирани кандидати, се распишува и објавува повторен оглас.

Комисијата ги известува кандидатите за времето и местото за јавното наддавање.

По завршување на огласот, слободните термини за кои не се јавил ниту еден заинтересиран кандидат, можат да се даваат со склучување на договор под услови објавени во јавниот оглас, за пократок период од една година, односно најмалку за еден месец, а во исклучителни случаи доколку се појави потреба за одржување на настан кој е со пократко траење од еден месец, или пак настан од еднократен карактер, директорот има право со оглед на

можностите и дадениот правилник да го вклопи настанот во слободните термини од тековната година.

**Член 14**

Незадоволните кандидати кои учествувале на јавното наддавање имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на приемот на одлуката за избор на најповолен понудувач.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Управниот одбор на Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

Управниот одбор на Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје најдоцна во рок од 3 (три ) дена од приемот на приговорот го разгледува истиот и одлучува со Решение.

Решението на Управниот одбор по приговорот е конечно.

**Член 15**

За давањето на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје - Скопје се склучува Договор помеѓу јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" и кандидатот.

Договорот се склучува во рок од 5 (пет) дена сметано од денот на истекувањето на рокот за приговор.

Доколку кандидатот кој понудил највисока цена не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок од став 2 на овој член, ќе се смета дека се откажал, а јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје ќе може да склучи договор со наредниот најповолен кандидат.

Доколку и второ рангираниот канидат не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок, јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" ќе може да склучи договор со непосредна спогодба со заинтересиран кандидат.

Во случај од ставовивте 3 и 4 на овој член, на кандидатите не им се враќаат депонираните средства за учество на огласот.

Кандидатот или кандидатите кои ќе се откажат од склучување на договор немаат право да учествуваат на други огласи објавени согласно овој Правилник, во период од 1 (една) година.

Термините во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје кандидатот започнува да ги користи од моментот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

**Член 16**

Во случај на стечај, ликвидација и други случаи на престанок на вршењето на дејноста, на било која од договорните страни, престанува да важи склучениот Договор.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА КУЛТУРНИ ОБЈЕКТИ

**Член 17**

Постапката за давање на користење на културни објекти ја спроведува Комисијата формирана од Директорот на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец", Општина Кисела Вода – Скопје, која комисија брои 5 члена.

Доколку во јавната установа нема доволен број вработени, по барање доставено од Директорот на јавната установа до Градоначалникот, Решение за формирање на комисијата носи Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Во случај кога Комисијата е формирана од Градоначалникот тогаш истата е составена од пет члена, од кои два члена се од редот на општинската администрација во Општина Кисела Вода и три члена од редот на членовите на Основачот на јавната установа - Советот на Општината.

**Член 18**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претседателот на комисијата.

Претседателот на комисијата се грижи за правилно и законито работење на истата.

Комисијата своите одлуки ги носи со просто мнозинство од вкупниот број членови.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Член 19**

Комисијата е надлежна да :

- распише оглас за давање на користење на термини јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје

- ги отвори и разгледа пристигнатите понуди;

- ја утврди најповолна понуда;

- ја утврдува листата на кандидати кои понудиле највисока цена согласно утврдените критериуми; и

- доставува предлог до Директорот на јавната установа за давање на користење термини.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА

### Член 20

Износот на почетната цена за користење на термин се утврдува во денари на час, согласно извршена проценка од овластен проценител.

### Член 21

Висината на почетната цена за користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје – Скопје врз основа на претходно изготвена проценка од овластен проценител, јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец", Општина Кисела Вода – Скопје е должна да ја обезбеди пред објавување на јавниот оглас.

### Член 22

Средствата од давањето на термини за користење на просториите во јавната установа се самофинансирачки приход на Домот на култура "Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

## V. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ

### Член 23

Договорот за користење на термин ги содржи следниве елементи:
- Страни на договорот;
- Предмет на договорот:
- Опис на простор (адреса, површина);
- начин на давање на користење;
- Висина на надоместокот и рокови на плаќање;
- Рокот на важност на договорот;
-Причини за раскинување на Договор.

## *VI. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ*

### Член 24

Во текот на траење на Договорот, корисникот е должен:
- на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје да и достави адреса за доставување на писмено, при што ќе

изјави дека секое доставување на писмено од страна на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” на таа адреса ќе се смета полноважно.
- да ја извести јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје за секоја промена на седиштето, адресата статусни и слични промени жиро сметките и слично.
- да ги употребува просториите на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје согласно намената, како добар домаќин - просторот, соблекувалната, хигиенско-санитарниот јазол, реквизитите, опремата и техничка опрема (светло, озвучување, инвентар, видео опрема)
- да се грижи за одржување на хигиената во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје - Скопје
- да учествува квалитетно и професионално во процесот на тековно одржување на јавниот објект, согласно бројот на користените термини во однос на вкупниот број термини на јавниот објект
- да ја надомести штетата што ќе настане од несоодветно користење на опремата, реквизитите и инсталациите во културниот дом за пред, за време и по завршување на користење на термините;
- да ја плати фактурата за користење на термин во јавниот објект, во рок од 5 дена од доставувањето.
- Корисникот нема право да му го даде правото на користење на терминот на друг корисник или според некој друг основ да му го предаде на употреба.
- Корисникот не може без писмена согласност на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје да врши измени во просториите на јавната установа „Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје (преградување, поправки, преправки,пренамена и други инвестициони работи).
-Корисникот нема право по основ на договор за користење термин да изврши промена на своето седиште на адреса на Јавната установа „Домот на култура Билјана Беличанец“ Општина Кисела Вода – Скопје.

## *VII. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ ЗА ВРЕМЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ*

### Член 25

Корисникот, за време на користење на термини во јавната установа за реализација на културни манифестации и едукативни работилници, е должен:

- да ги спроведува мерките за спречување и оневозможување на насилно и недостојно однесување на гледачите;
- да не дозволи надминување на гледалишниот капацитет на салата.
- Корисниците се обврзуваат навремено да ги отпочнуваат и завршуваат активностите во просториите на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода – Скопје.

## *VIII. ОБВРСКИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ”*

**Член 26**

-да му обезбеди на Корисникот користење на јавниот објект со соодветен хигиенско-санитарен јазол;
-просториите да се одржуваат во добра состојба за да може корисниците да си ги остварат своите цели и потреби.
-да го осигура објектот – јавниот објект од сите видови штети, а осигурувањето да се однесува на: пожар, поплава, кражба на реквизити и опрема, како и други оштетувања на придружната и помошната опрема и инсталации.
-по истек на месецот, по утврдување на број и вид на користени термини, на Корисникот, Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје да му достави фактура со пресметан износ, согласно цената на користените термини.
Доколку Корисникот не ја плати фактурата за користени термини во рок од 8 дена од доставата, јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје има право да му забрани пристап во објектот на Корисникот.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кисела Вода” и на огласната табла на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје .
Со стапување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода – Скопје бр. 09-10664/3 од 18 декември 2023 година.

Број 09-430/15
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за исправка на техничка грешка ГП 1.3 од Детален урбанистички план за Расадник-блокови 1,2,3 и 5(измена и дополна), Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.09/2011година)**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за исправка на техничка грешка ГП 1.3 од Детален урбанистички план за Расадник-блокови 1,2,3 и 5(измена и дополна), Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.09/2011година), донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/13
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020) и Врз основа на член 22 став 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), како и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА ЗА ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА**
**ГП 1.3 од**
**Детален урбанистички план Расадник – блокови 1,2,3 и 5 (измена и дополна)**
**Општина Кисела Вода**
**со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр 9/2011**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши техничка исправка за **ГП 1.3** од Детален урбанистички план Расадник-блокови 1, 2, 3 и 5 (измена и дополна), **Општина Кисела Вода, плански период 2011-2016,** Тех.**бр.262/10**, **од јули 2011 година, донесен со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 9/2011)** односно:
Предмет на техничката исправка е усогласување на нумеричките показатели за **ГП 1.13** во табелите со геометриските вредности од графичкиот прилог од Планската документација во **Детален Урбанистички план Расадник - блокови 1,2,3 и 5 (измена и дополна), Општина Кисела Вода, донесен со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 9/2011)** односно: Во графичкиот прилог бр.1 –’’План на намена на земјиштето и градбите план на површини за градење и регулационен план”, како и во графички прилог бр.6 - ,,Синтезен план,, од Детален урбанистички план Расадник -блокови 1,2,3 и 5 (измена и дополна), Општина Кислеа Вода, (донесен со Одлука бр.07-4360/1 од 19.07.2011 г.,) во табелите од нумеричките показатели, во ред 5, колона 4 (Потенцијална површина за градба), бројот **,,987,00м2”,** се заменува со бројот “**680,00м2’’**, во ред 5, колона (Вкупна етажна површина за градење), бројот **’’180,00м2’’**, се заменува со бројот **’’680,00м2’’**.

**Член 2**

Техничката исправка е изработена согласно одредбите на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020 и 111/2023), каде во став (2) стои дека - Техничка исправка може да се врши само поради грешка што настанала во процесот на изработување и донесување на планот, грешка во техничкото исцртување, испишување и опремување на планот, која предизвикува неусогласеност, двосмисленост или меѓусебна спротивставеност на параметри во графичкиот приказ, текстуалниот дел и нумеричкиот дел на урбанистичкиот план или

неконсеквентно изостанување на податоци за поединечни градежни парцели што се уредени за сите други, односно што се согласни со задолжителната содржина на урбанистичките планови, како и други проблеми во спроведувањето на планот.

**Член 3**

Се врши усогласување на нумеричките показатели во табелите во графичкиот дел од Планска документација со геометриските вредности од графичкиот прилог.

Нумеричките показатели не соодветствуваат со површината за градба на ГП 1.3 во графичкиот прилог, односно во графичкиот прилог потенцијалната површина за градба изнесува 680,00м2 и вкупната етажна површина за градба изнесува 680,00м2, а во нумеричкипте показатели видливи од Изводот на Детален урбанистички план Расадник – блокови 1,2,3 и 5 (измена и дополна), Општина Кисела Вода, донесен со Одлука бр.07-4360/1 од 19.07.2011г), потенцијалната површина за градба изнесува 987,00м2, додека вкупната етажна површина за градба изнесува 180,00м2. Со промената и усогласувањето на графичкиот прилог и нумеричките показатели се менуваат и остаатите параметри за ГП 1.3.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/16
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за исправка на техничка грешка ГП 5.48 од Детален урбанистички план за реон Ј, четврт Ј10, Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-18/11 од 27.05.2014 година (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.07/2014 година)**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за исправка на техничка грешка ГП 5.48 од Детален урбанистички план за реон Ј, четврт Ј10, Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-18/11 од 27.05.2014 година (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.07/2014 година), донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/14<br>30.01.2024 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020) и Врз основа на член 22 став 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), како и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА ЗА ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА**
**ГП 5.48 од**
**Детален урбанистички план Реон Ј10, Четврт Ј10,**
**Општина Кисела Вода**
**со Одлука бр. 07-18/11 од 27.05.2014 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр 7/2014)**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши техничка исправка за **ГП 5.48** од Детален урбанистички план Реон Ј10, Четврт Ј10, **Општина Кисела Вода, плански период 2013-2018, Тех.бр.32/2013, донесен со Одлука бр. 07-18/11 од 27.05.2014 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 7/2014)** односно:
Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП 5.48 во табелите од текстуалниот и графичкиот дел од планската документација на Детален урбанистички план за Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода, плански период 2013-2018 година, техн.бр.32/2013, во табелата со нумерички показатели за градска Четврт Ј10, блок 5, стр.56

-Во ред 53 (параметри за ГП 5.48), во колона 7 (површина за градба) бројот **,,480”** се заменува со бројот **,,468**”, во колона 8(вкупна изградена површина) бројот **,,2880м2”** се заменува со ,,**2809м2”**, во колона (Процент на изграденост) бројот **,,46,5%”** се заменува со бројот **,,45,3%”,** во колона 11 (коефициент на искористеност) бројот **,,2,79”** се заменува со **,,2,72”.**

Во текстуалниот дел од Планската документација на Детален урбанитсички план за Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода, плански преиод 2013-2018 година, техн.бр.32/2013, во табелите со нумерички показатели за градска Четврт Ј10 блок 05, на стр.56
-во ред 67(вкупно) колона 8 (вкупно изградена површина ) бројот **,,51836м2”** се замнува со**,, 51766м2”.**

**Член 2**

Техничката исправка е изработена согласно одредбите на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020 и 111/2023), каде во став (2) стои дека - Техничка исправка може да се врши

само поради грешка што настанала во процесот на изработување и донесување на планот, грешка во техничкото исцртување, испишување и опремување на планот, која предизвикува неусогласеност, двосмисленост или меѓусебна спротивставеност на параметри во графичкиот приказ, текстуалниот дел и нумеричкиот дел на урбанистичкиот план или неконсеквентно изостанување на податоци за поединечни градежни парцели што се уредени за сите други, односно што се согласни со задолжителната содржина на урбанистичките планови, како и други проблеми во спроведувањето на планот.

**Член 3**

Се врши усогласување на нумеричките показатели во табелите во графичкиот дел од Планска документација со геометриските вредности од графичкиот прилог.

-Во ред 53 (параметри за ГП 5.48), во колона 7 (површина за градба) бројот **,,480"** се заменува со бројот ,,468", во колона 8 (вкупна изградена површина) бројот**,, 2880м2"** се заменува со **,,2809м2",** во колона (Процент на изграденост) бројот **,,46,5%"** се заменува со бројот **,,45,3%",** во колна 11 (коефициент на искористеност) бројот ,,2,79" се заменува со **,,2,72".**

-Во текстуалниот дел од Планската документација на Детален урбанистички план за Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода, плански преиод 2013-2018 година, техн.бр.**32/2013,** во табелите со нумерички показатели за градска Четврт Ј10 блок 05, на стр.56

-во ред 67 (вкупно) колона 8 (вкупно изградена површина ) бројот,, 51836м2" се заменува со ,,51766"м2.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-430/17
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Основно училиште Климент Охридски во село Драчево, Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Основно училиште Климент Охридски во село Драчево, Општина Кисела Вода, донесена на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-900/15
30.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, и 168/18) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и Службен галсник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 23 јануари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Основно училиште Климент Охридски во село Драчево, Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на Основно училиште Климент Охридски во село Драчево, Општина Кисела Вода, Општ Акт за село Драчево , КП 12447, КО Драчево 2, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 100% надомест за Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-430/18
23 јануари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

С О Д Р Ж И Н А:


1. Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода;
2. Програма за измена и дополна на Програма (надлежност - Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година;
3. Измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба на јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година;
4. Измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈНБ - изградба на детски и спортски игралишта и урбана опрема на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година;
5. Програма за измена и дополнување на Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година;
6. Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година;
7. Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година;
8. Одлука за ставање вон сила на Развојна програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“, н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година;
9. Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година;
10. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година;
11. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година;
12. Правилник за условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец” Општина Кисела Вода - Скопје – Скопје;
13. Одлука за исправка на техничка грешка ГП 1.3 од Детален урбанистички план за Расадник-блокови 1,2,3 и 5(измена и дополна), Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-4360/1 од 19.07.2011 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.09/2011година);
14. Одлука за исправка на техничка грешка ГП 5.48 од Детален урбанистички план за реон Ј, четврт Ј10, Општина Кисела Вода со Одлука бр. 07-18/11 од 27.05.2014 година (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.07/2014 година);
15. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Основно училиште Климент Охридски во село Драчево, Општина Кисела Вода;